

## *Професор д-р* Јован КОРУБИН
## 1948-2006

Ненадејната смрт на колегата Јован Корубин претставува голема, ненадокнадлива загуба не само за нашиот институт и факултет туку и за нашето општество. Колегата Корубин, не беше само социолог, професор на универзитетот, автор на голем број научни и стручни трудови, туку и личност која мошне често беше инволвирана во јавните расправи за највиталните прашања на нашата социокултурна егзистенција, било како автор на голем број новинарски прилози, колумни или пак аналитички статии, било како учесник во емисиите на нашата телевизија и радио.

Роден е во Скопје, во 1948 година. Во родниот град го завршува основното и средното образование и дипломира на Правниот факултет во 1975 година. Магистрирал на Правниот факултет во Белград, Србија, во 1984, а докторирал на Филозофскиот факултет во Скопје во 1992 година со дисертацијата *Научната интелигенција во структурата на македонското општество.*

Јован Корубин на Филозофскиот факултет дојде 1977 година. На факултетот дојде од новинарството, во кое се вклучи уште од своите студентски години и каде, исто така, остави длабоки траги. Дојде од местото постојан дописник од Македонија за весниците *Политика* и *НИН*, место на кое се наоѓаше од 1971 до 1977 година и кое што во тоа време, несомнено, претставуваше една од најпрестижните во нашето новинарство. Неговото заминување од новинарството несомнено претставуваше голема загуба за новинарството, но, истовремено значеше голема добивка за нашата дисциплина, социологијата. Во својата академска кариера ги помина сите стапала. Смртта го затекна во звањето редовен професор по предметите *Социологија 2, Социологија, Социологија на масовните комуникации* и *Социологија на правото* и раководител на постдипломските студии по социологија при Институтот за социологија.

Со своето вкупно дејствување на филозофскиот факултет во текот на овие скоро триесет години Ј. Корубин остави длабоки траги во работата на Институот за социологија, во работата на Филозофскиот факултет, но исто така и во нашата поширока интелектуална и културна јавност. Нашата наука, социологијата, Јован Корубин трајно ја задолжи со голем број научни трудови од повеќе области на социолошкото истражувања. На прво место несомнено доаѓаат петте негови книги: *Живиот песок: интелигенцијата*, *Масмедиумите и правото, Збогум интелектуалци, Аномично општество* и *Социолошки теми за јазикот.* Во првата книга, *Живиот песок: интелигенцијата*, Јован Корубин во нашиот контекст за првпат го тематизира и систематски елаборира прашањето за природата на научната интелигенција и нејзиното место во структурата на македонското општество. Тој интерес за проблемот на интелигенцијата и интелектуалците е централен и за неговата позната студија *Збогум интелектуалци*. Во неа Корубин ја елаборира тезата за денешното ишчезнување на класичниот поим на интелектуалецот сфатен како „свест и совест“ на општеството. Според него, денес исчезнува класичната парадигма за интелектуалецот и на сцена стапува парадигмата за прагматичниот „интелектуалец на акцијата“ како модератор на системот во кој тој е асимилиран. Темата интелектуалци беше во фокусот на многу негови посебни трудови. Особено него го интересираше положбата на интелектуалецот во современите транзитивни процеси.

Јован Корубин значајно внимание посвети и на проблематиката на масовното комуницирање во транзиционите услови. Од сите тие трудови посебно место зазема книгата *Масмедиумите и правото,* инаку резултат на повеќегодишниот интерес за проблематиката на масовните комуникации, во која тој го зафати прашањето за информирањето за правото како социолошки проблем во услови на демократизација на општеството, а со тоа и на правото како социолошки феномен.

Во делото *Аномично општество* колегата Корубин ги анализираше противречностите во нашето општество кои почнаа да се манифестираат од почетокот на неговата независност и кои се чувствуваат и ден денес, а пред сè процесите кои доведоа до слабеење на безусловното, апсолутно, категоричко важење на нормите и вредностите што предизвика карактерисистична ерозија на целокупниот општествен систем.

Во своето последно дело *Социолошки теми за јазикот* Јован Корубин се фокусира на проблемот на јазикот, кој, и покрај тоа, што има централно значење за човековиот општествен живот, за жал во текот на сите овие години на постоењето на социологијата кај нас не беше соодветно тематизиран, дури би рекол беше речиси потполно занемарен во нашите дискусии за општеството. Меѓутоа, она што му дава посебна вредност на ова дело е барањето, кај нас првпат експлицитно формулирано, за една посебна социологија на јазикот, дисциплина која ќе ја развива дистинктноста на социолошкиот пристап кон јазикот, но која ќе ја негува и врската со другите дисциплини кои го проучуваат јазикот, посебно социолингвистиката, но исто така и антропологијата, кои сите заедно треба да доведат до едно поинтегрално разбирање на природата на јазикот, карактерот на неговите врски со општеството, прашањето на јазикот како белег на општествениот идентитет и како средство на општествената комуникација.

Јован Корубин е автор на многубројни други трудови кои и чинат чест на македонската социологија и несомнено ќе ја красат македонската социолошка ризница. Она што на трудовите на колегата Корубин им дава посебен валер и арома, не е само неговото умеење убаво да пишува. Тој, како ретко кој, умееше со зборовите. Не е само неговата јасна и прецизна мисла, туку и неговото настојување, карактеристично за современите настојувања во социологија, за светот околу нас да почнеме да размислуваме на нов начин, да се ослободуваме од еден стереотипен начин на гледање на стварноста и од категории и поими кои не одговараат на новата стварност. Тој во своите трудови, како и во своите јавни дискусии, постојано инсистираше на потребата за критичка ревалоризација на централните социолошки категории, општеството, културата, групата и на потребата за реконцепттуализација на некои од централните прашања на социологијата кои го гарантираа нејзиното важење како научна дисциплина.

Голем е придонесот на Јован Корубин и во изработката и издавањето на Социолошкиот терминолошки речник, единствено издание од ваков вид во Македонија. Тој имаше и посебна улога во конечната стручна редакција на целокупниот материјал за речникот и неговото дефинитвно обликување.

Јован Корубин беше еден од основачите и прв претседател на Здружението на социолозите на Република Македонија по нејзиното осамостојување. Благодарение на него здружението почнува да игра

позначајна улога во анимирањето на нашата јавност за социологијата и во дефинитивното етаблирање на професионалниот идентитет на социологијата. Тој исто така беше еден од основачите и прв и главен и одговорен уредник на списанието *Социолошка ревија* како и член на на редакциите на повеќе други научни и стручни списанија. Бил претседател на советот на Филозофскиот факултет и раководител на Институтот.

Меѓутоа би сакале посебно да ја истакнаме неговата улога на раководител на големиот меѓународен проект *Иновативна социологија* во партнерство со катедрата по социологија на Филозофскиот факултет во Софија. Во рамките на овој проект тој имаше можност да ја реализира својата идеја за воведување на нови поими и категории кои ќе соодвествуваат на новата стварност. Меѓутоа, преку овој проект, тој му овозможи на нашиот институт дефинитвно да ги зголеми и да ги зацврсти своите меѓународни контакти. Но, овој проект, во исто време, придонесе повеќе млади колеги постдипломци на институтот да се запознаат повеќе со процедурите на научно-истражувачката работа и преку престој на странски институции подетално да се запознаат со други социолошки традиции. Професионалниот и личниот влог на колегата Јован Корубин во овој проект беше огромен. Резултат на тоа беше и големата почит кај бугарските колеги. За жал, колегата Јован Корубин не го дочека излегувањето на книгата резултат на овој проект, во која, како еден од редакторите, вложи огромна енергија.

Колегата Јован Корубин беше исклучителна личност. Тој имаше, да го употребам изразот на еден од ликовите на Андре Жид, идиосинкразија. Таа и даваше посебен шарм на целокупната негова интелектуална и социјална фигура. Тоа беше она што ги привлекуваше кон него и неговите колеги и студентите. Можеби поради тоа тој беше еден од најомилените професори. Ние кои имавме задоволство и привилегија да работиме со него во текот на овие скоро триесет години имавме можност да ја запознаеме ширината и длабината на неговата личност, нејзиниот раскошен колорит, како и неговата несебичност и спремност секогаш да излезе во пресрет и на колегите и на студентите.

Во нашите срца ќе живее споменот за него токму и поради тие блародни својства на неговата личност, а не само заради неговите интелектуални остварувања.

*Проф. д-р Ѓорѓе МЛАДЕНОВСКИ*